Дневни билтени

2015
- Февруари
- Март
- Април
- Мај
- Јуни
- Јули
- Август
- Септември
- Октомври
- Ноември
- Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

# Извадок на дел од дневни настани 10.07.2022

На 09.07.2022, по преземени мерки и активности на СВР Тетово во содејство со Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика на МВР, во Полициска станица Тетово се повикани Џ.Л.(40) од Тетово и Д.Р.(37), од тетовско село, поради сомнение дека се автори на коментари со заканувачка содржина со кои се промовираат или поттикнуваат омраза и насилство, напишани на објави од интернет портали. Извршен е службен разговар со двајцата, при што Д.Р. го признал делото. По документирање на случајот против двете лица ќе следуваат соодветни поднесоци.

На 09/10.07.2022 во периодот од 23.00 до 03.00 часот на подрачјето на Прилеп, во рамки на превентивната активност „Безбедно лето 2022“, беше извршена контрола низ градските паркови и места каде има зачестено присуство на малолетници. За време на контролата кај А.Ч (26) и И.Д.(29), двајцата од Прилеп беше пронајдена марихуана. Тие беа лишени од слобода и по документирање на случајот ќе бидат поднесени соодветни поднесоци. Исто така, извршена е контрола во угостителски објекти во Прилеп, при што беа приведени 19 малолетници затекнати во угостителски објект после полноќ, од кои кај 5 било констатирано присуство на алкохол. Приведено е и едно лице поради точење алкохол на малолетници, согласно чл.204 од Кривичниот законик. При контролата бил констатиран и прекршок за неносење на документ за идентификација.

На 10.07.2022 во 00.15 часот на подрачјето на Центар полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Ф.Ф.(28) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09.07.2022 во 10.45 часот на Граничен премин „Табановце“ од полициски службеници е лишен од слобода Ж.К.(54) од Куманово, затоа што при проверка во службената евиденција било констатирано дека се наоѓа на СТОП листата, по телеграма од Одделение за потраги, Сектор за меѓународна полициска соработка при МВР. Тој се барал за издржување на казна затвор за сторено кривично дело „фалсификување исправа“ казниво по чл.378 став 1 од Кривичниот законик. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Куманово за понатамошна постапка.

На 09.07.2022 во 16.30 часот на автопат Скопје – Куманово, во близина на индустриска зона, патничко возило „БМВ“, со српски национални ознаки, управувано од Д.М.(48) од Скопје, изгубило контрола и излетало од коловозот. Во несреќата Д.М. се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Комплекс клиники „Мајка Тереза“. Увид на извршила увидна екипа на СВР Скопје.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (09.07.2022) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 68 мерки, меѓу кои за возење без возачка дозвола 15 санкции, четири мерки за прекршоци што ги прават возачите на мотоцикл, седум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три мерки за возење под дејство на алкохол, три санкции за некористење сигурносен појас...

На 10.07.2022 во 03.55 часот во Гостивар, на бул.„Браќа Ѓиноски“, патничко возило „сеат ибица“, со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(28) од с.Долно Лисиче, скопско, удрило во две паркирани патнички возила со гостиварски регистарски ознаки, и тоа „БМВ“, паркирано од О.Ч.(48) од Гостивар и „БМВ“ паркирано од М.Ќ.(64) од с.Галичник. По несреќата, А.С. е пренесена во Ургентен центар Гостивар, каде ѝ се констатирани тешки телесни повреди. Известен е Јавен обвинител, а увид извршила увидна екипа на ОВР Гостивар.

Во текот на изминатата вечер 09/10.07.2022 во периодот од 23.00 до 05.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата констатирани и законски санкционирани се 8 возачи. Најголемиот број од санкционираните се на подрачјето на Битола и Прилеп. За време на контролата биле санкционирани и 47 останати прекршоци.

На 09.07.2022 во 11.40 часот на патот А1 Градско-Прилеп, патничко возило „мерцедес“, со штипски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(28) од Штип излетало надвор од патот. По несреќата, сопатничката во возилото К.К.(23) од Скопје била пренесена во Градската болница Прилеп, каде ѝ биле констатирани тешки телесни повреди. Известен е Јавен обвинител, а увид извршила екипа од ОВР Прилеп.

На 09.07.2022 во 19.00 часот во Полициска станица Кисела Вода, Р.Т.(49) од Скопје пријавила дека на ул. „Христо Татарчев“ била касната од куче скитник.

На 09.07.2022 година во 22.30 часот во СВР Охрид е приведен е 16-годишник од охридското село Елшани, бидејќи кај него се пронајдени фалсификувани пари во вкупен износ од 1050 евра и дрога. Имено, при преглед извршен на ул.„Гоце Делчев“ во Охрид, полициските службеници кај него пронајдоа и одземаа 21 банкнота од по 50 евра со ист сериски број и една ќеса со марихуана. По целосно расчистување и документирање на случајот, СВР Охрид ќе поднесе соодветни пријави.На 10.07.2022 во 00.15 часот, во СВР Охрид е лишен од слобода А.Н.(30) од струшкото село Велешта. При преглед извршен во угостителски објект во Охрид, полициски службеници кај него пронајдоа и одзедоа еден пиштол марка „Екол“ и два куршуми калибар 6,35 милиметри. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.
На 09.07.2022 во 18.00 часот на Граничен премин „Блаце“ од полициски службеници е приведен С.М.(45) од Тетово, кој се барал со судска наредба за издржување на казна затвор во Казнено-поправната установа Тетово. Лицето е предадено на полициски службеници од СВР Тетово за понатамошна постапка по што ќе биде спроведено за издржување на казната.

Денеска (10.07.2022) во 02.00 часот, полициски службеници од СВР Охрид ги лишиле од слобода се Е.П.(38) и О.С.(39), двајцата од Струга. При извршена контрола во угостителски објект во Охрид, полициски службеници го затекнале О.С. како му дава ќеса со кокаин на Е.П.. Дрогата е одземена и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесена соодветна пријава.На 09.07.2022 околу 18.30 часот во Полициска станица Кисела Вода е пријавено дека на подрачјето на Кисела Вода, по претходно недоразбирање, е нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Н.Т.(30), А.Т.(59), М.Т.(31) и М.Т.(59) сите од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок.

На 09.07.2022 во 22.50 часот во Тетово полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода Д.М.(27) и А.М.(26), двајцата од Тетово, затоа што кај Д.М. била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 10.07.2022 во 00.30 часот на бул. „Туристичка“ во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид кај Ј.Д.(28) од Охрид пронашле и одзеле нож и метален предмет. Согласно Законот за оружје, истите се одземени и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.На 09.07.2022 во 05.30 часот на паркинг простор пред угостителски објект во Гевгелија лишени од слобода се Ј.Н.(39) и Ж.Н.(34), двајцата од Гевгелија, затоа што физички нападнале полициски службеник кој вршел службени дејствија. По целосно документирање на случајот против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 09/10.07.2022 од 22.00 до 03.00 часот, во рамки на превентивната кампања „Безбедно лето 2022“, полициски службеници од СВР Охрид извршија контроли во угостителски објекти во Охрид, при што во два од нив после полноќ се затекнати повеќе малолетни лица, кои консумирале алкохол. Поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело по член 204 од Кривичниот законик, против правните субјекти ќе биде поднесена пријава.На 09.07.2022 во 23.30 часот во Полициска станица Кратово е пријавено дека во угостителски објект во Кратово, М.С.(18) од Пробиштип бил физички нападнат од М.Ј.(24) од Пробиштип. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2022 во 13.00 час во Полициска станица Чаир е пријавено дека во Казнено-поправна установа „Затвор Скопје“ - Скопје, починало осуденото лице В.Д.(51) од Скопје. Од лекар од Итната медицинска помош била констатирана смрт без траги на насилство. Увид извршила увидна екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото на починатиот е предадено за обдукција.

На 09.07.2022 во 15.30 часот во Полициска станица Аеродром, Б.З.(61) од пријавила дека околу 15.20 часот пред нејзиниот двор на подрачјето на Аеродром, по претходно недоразбирање, била физички нападната од З.З. кого го познавала. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Велес поднесе кривична пријава против С.Ч.(50) од Велес, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи”. На 24.12.2021 во Велес, полициски службеници извршиле контрола во правен субјект, во кој работел пријавениот, при што била пронајдена и одземена поголема количина пиротехнички средства.

На 09.07.2022 во 18.20 часот во Полициско одделение Петровец Ј.С.(47) од с.Миладиновци, скопско, пријавил дека околу 16.20 часот во с.Марино, скопско, бил физички нападнат од А.Н. од с.Марино и од уште две лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 09.07.2022 Мобилната единица за безбедност на сообраќајот на патиштата спроведе засилена акциска контрола на автопатот Куманово - Скопје - Велес за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 73 возачи. Од нив, четири возила се движеле со брзина над 50 километри на час повеќе од дозволеното, а едно возило се движело со дури над 70 километри на час повеќе од дозволената брзина.

На 10.07.2022 во 04.20 часот на крстосница од ул.„Седек Костоски“ со ул.„Б.Блажески“ во Гостивар се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „шкода јети“, сопственост на МВР, во кое се превезувале двајца полициски службеници и патничко возило „пасат“, со гостиварски регистарски ознаки, управувано од Б.Л.(21) од Гостивар, во кое сопатнички биле М.К.(21) и М.Д.(21), двете од Гостивар. Во несреќата, М.К. и М.Д. се здобиле со тешки телесни повреди, а другите тројца учесници со телесни повреди, констатирани во Ургентен центар Гостивар. Известен е Јавен обвинител и Одделот за внатрешна контрола криминалистички истраги и професионални стандарди, а увид извршила екипа од Полициска станица Гостивар.

На 09/10.07.2022 во периодот од 22.00 до 02.00 часот на подрачјето на Кичево извршени се засилени сообраќајни контроли. Притоа, полициските службеници затекнале и санкционирале 13 возачи на моторни возила кои во населено место ја надминале дозволената брзина на движење.

На 09.07.2022 во 22.30 часот во Полициска станица Кисела Вода, Е.Ј.(26) од Скопје пријавила дека околу 22.00 часот пред казино во населба Пинтија, по претходно недоразбирање, била физички нападната од А.Б.(32) од с.Тисовица, кој со остар предмет ѝ упатувал закани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Б.И.(36), од липковско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без лиценца“. На 16.11.2021 во с. Слупчане, општина Липково, полициски службеници го затекнале пријавениот како врши превоз на дрва и стоки во товарно возило без да поседува лиценца за јавен превоз.

На 09.07.2022 во 17.50 часот во СВР Скопје е пријавено дека во дом во нас.Драчево во кој живеела, пронајдена е почината С.И. (48) од Скопје, која имала здравствени проблеми. Од страна на лекар од Итна медицинска помош констатирана била смрт без траги на насилство. Увид извршила екипа од СВР Скопје, а по наредба на Јавен обвинител телото е предадено за обдукција.

На 09.07.2022 во 15.15 часот во Полициско одделение Камењане, С.Б.(21) од с.Ново Село 2, тетовско, пријавил дека околу 12.30 часот во с.Ново Село 2 бил физички нападнат од Џ.И.(43) од истото село. Сочинет е записник за констатиран прекршок.

На 09.07.2022 во 20.30 часот во Полициска станица Ѓорче Петров, И.Г.(36) од Скопје пријавил дека околу 20.00 часот, пред поранешна градинка на подрачјето на Ѓорче Петров, неговата малолетна ќерка била физички нападната од друг малолетник. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет